**План за спроведување**
**на проценка на влијанието на регулативата**

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето по скратена постапка |
| **Министерство:** | Министерство за внатрешни работи |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Виолета Андоновска, државен секретар<br>Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>**(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи)** |

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои се главните проблеми?

Во процесот на практична имплементација на Законот за оружјето ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/05, 47/06, 42/07 и 86/08), Министерството за внатрешни работи ја воочи потребата од модификација на одделни одредби, со цел подобрување на одредени решенија.

Со изменувањата и дополнувањата на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија" број 42/07) беше предвидено дека дозволите за оружјето издадени по старите прописи мора да се заменат најдоцна во рок од три години од денот на влегување во сила на овие изменувања и дополнувања, односно најдоцна до 13.04.2010 година. Врз основа на анализа на статистичките податоци со кои располага Министерството за внатрешни работи се утврди дека во периодот од три години пререгистрирани се околу 5 % од регистрираното оружје, па затоа се предлага одложување на крајниот рок на замена на постојните дозволи за

уште седум години. Заради надминување на правниот вакум во однос на обврската за замена на постојните дозволи со нови дозволи се предлага донесување на овој закон по скратена постапка. Исто така, со предложените изменувања се предлага прецизирање на содржината на одредени одредби од Законот за оружјето, допрецизирање на материјата посветена на колекционерското и старинското оружје и можност за повторна легализација и доброволно предавање на оружјето. За оружје и муниција одземени во кривична и прекршочна постапка се врши усогласување со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08).

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето по скратена постапка содржи решенија и содржинско односно терминолошко-техничко допрецизирање на одредени одредби во функција на нивна соодветна практична имплементација, продолжување на крајниот рок за замена на постојните исправи кои се однесуваат на оружјето, соодветни измени и дополнувања во делот на старинското и колекционерското оружје, како и можност за повторна легализација и доброволно предавање на оружјето.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за внатрешни работи и соодветните надлежни министерства, Дирекцијата за заштита на личните податоци и Агенцијата за управување со одземен имот.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Достапни и анализирани се решенијата содржани во прописите што имаат допирни точки во областа на оружје.

### 2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

### 3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

### 4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи.